САМОСТОЈНА ХУМАНИТАРНА

# ИЗЛОЖБА

АВТОР: ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА

## БАКНАТИ ДЕЦА

ШТИП, 2022

**Осврт кон изложбата Бакнати деца од авторот Елизабета Митрева**

Елизабета Митрева, професор, хуманист и вљубеник во уметноста. Во последните неколку години надвор од обврските кои значат професионален ангажман, во нејзин фокус е сликарството.

За дифузирање на своите пораки, преку визуелните сензации кои ги испраќа до реципиентот таа ја преферира техниката масло на платно и акрил, медиуми кој според неа се најдобра подлога за нејзиниот сликарски ракопис. Така, сликајќи низ сликите, таа ја транспонира за неа мислата - водилка, дека творештвото, се она што го создаваме, како нешто убаво, а посебно уметноста, во суштина е дар од Бога, но и уште еден услов, директно поврзан со Бога е љубовта, есенција за нашето опстојување.

Нејзините дела исправени пред публиката немаат претензии да воодушеват, тие едноставно го прават гледачот интерактивен. На многумина таа комуникација со еден дел од делата претставени на изложбата нема да биде пријатна, ќе побуди реминисценција, што ќе продуцира непријатно чувство, и тој дел од публиката престанува да биде само гледач, туку и човек кој го доживува насликаното и ја чувствува болката на авторот кога го создавала делото. Наративот на дел од делата ја претставува радоста на детската игра, онаа чиста комуникација меѓу нив исполнета со разбирање емпатија и поддршка. Митрева сака да ги раскаже мечтите, малите, но и големите радости. Тоа, авторката го доловува преку еден детски ракурс кој во многу моменти е доминантен и сеуште присутен, длабоко во нејзината природа. Во еден друг корпус на дела таа ја слика детската фантазија, соништата, немирот.

Сето тоа Митрева го прави со еден интересен колорит кој ја поддржува нарацијата, колорит кој кореспондира со времето во кое се создадени делата и кое го бележиме во колективната меморија како Ковид 19 период. Опстојувајќи на веќе препознатливиот ликовен ракопис и маркиран сентимент со теми кои за оваа прилика ја имаат својата екстензивна projавност. Креирањето на композицијата е во насока со која авторката сака да потенцира определени сегменти кои кај определени дела метофолошки имаат сличност со графиката, што е веќе позната пракса. Авторката не претендира да грдото, во овој случај осаменоста, статусната состојба и тагата кои ги прикажува во некои дела ги разубави. Таа настојува со нивното ликовно докуметнирање да не зароби еден момент во сеќавањето, со цел да го прекрие со позитивни и благородни мисли.

Зоран Читкушев, кустос

## БАКНАТИ ДЕЦА

Додека ги создавав овие мои дела посветени на децата во услови на пандемија јас бев во потрага по светлината, по животот што се раѓа, како едно мало дете кога доаѓа на овој свет, кога се раѓа нешто ново. Животот од мене побара да отворам манастирски порти за да можам внатре да ги скријам децата. Нивната душа со саканите и среќни мигови, како и со тажните и солзни денови постепено ги пресликав на платно, за да ги овековечам.

Ја барав светлината. Барав да се нурнам во духовниот сегмент човечки за да прочитам дел од тешко пристапливите простори што ги претставувам.

Радост за уметникот претставува мигот кога успева да се нурне во духовниот свет на едно милување каде не се чувствува раката што милува, водата која измива, нешто што не се опишува со збор, ни со материја, тоа е благословот од Бога…Искрена душа тешко се отвара доколку не се постигне прочистувањето.

Спознавањето на детската мисла и спознавањето на детската душа е неоткриен миг до кој никогаш нема да стигнам во целината на моето постоење.

Секогаш децата ќе бидат неоткриена вистина што долго на моите платна ќе ја пренесувам за вечноста некогаш да ја согледа нивната вистина.

Преку моите слики ја насликав вистината за детскиот свет, но и нивната тага и самотија во услови на Ковид.

Преку моите слики ќе ја подарам на светот целата моја скриена вистина што за мене е вечен сон што знае светлината да ја зачува, но и да ја ползува преку сопствените очи.

Детскиот живот е мистична приказна што ретко може да се чуе. Приказната поседува незавршено време што може да се огледа на мојата изложба, со моите сликани платна. Вечно треба да се гледа во насликаното време за да се исполни душата на безброј посетители што ќе се насладуваат од убавината. Над се и пред се, се издига мојата вистина која е Божја светлина што ме носи по празните платна, за да од нив воскреснам љубов, тага и среќа.

Нека оваа топлина ги предизвика сите вљубеници во уметноста да се сплотат и секогаш да ги бараат убавите нешта со кои ќе живеат.

Авторот,
Елизабета Митрева

„Да се преживее“ - комбинирана техника на платно, 40 x 30 cm, 2020



Како украдена роса пред Сонце. Дојде по моите зборој!

„Рожба“ - комбинирана техника на платно, 30 x 40 cm, 2020



Растев во очите на мајка ми.

„Лудории“ - комбинирана техника на платно, 30 x 40 cm, 2020



И во треперливата светлина стануваш толку убава што и денот запира!

„Ропство“ -  комбинирана техника на платно,  20 x 26 cm, 2020



Енергија од Бога дарена. Научи да дознаваш за изгревите што живот значат!

„ Слобода “ - комбинирана техника на платно, 24 x 30 cm, 2020



А јас само зракот го чекам! Патот по сопствениот молк е пат по сопствената сенка и пат по сопствената вистина.




„ Тага“ - комбинирана техника на платно, 20 x 26 cm, 2020

Ќе му раскажеш ли на небото За Твоите таги? Се беше време каде што твојот спокој не ги најде безгрижните игри!

„По ѕвездите“ - комбинирана техника на платно, 30 x 30 cm, 2020



И пак сонце, и пак живот изменет во сенка! Но, моето Срце знае да зборува.




„ Бегство " - комбинирана техника на платно, 24 x 30 cm, 2020

Ќе ги скриеш ли од небото Твоите болки?

„Помош“ - комбинирана техника на платно,  40 x 30 cm, 2020



Тогаш ја најдов вистината за која мечтаев! Знакот да е светлина.



„Прегратка" - комбинирана техника на платно, 30 x 40 cm, 2020

Знам каде и кога замина.

„Мигови" - комбинирана техника на платно,  40 x 50 cm, 2020



Јас научив да чекам, да За в миг повторно да Те најдам.

„Душата е полна со љубов" - комбинирана техника на платно,  40 x 50 cm, 2020



Во дворови зачистени, со калдрма наредени, од џагорот милувани, јас ќе дојдам да времиња продолжам, светци да пречекам, дворови да накитам, спомени да вратам.



„Конечно заедно“ - комбинирана техника на платно,  40 x 30 cm, 2020

Ти ја носиш сигурноста.

„Танцување“ - комбинирана техника на платно, 20 x 30 cm, 2020



Ти си неоткриена вистина. Дар ТИ дарив пред времето!



„ Осаменост" - комбинирана техника на платно, 40 x 40 cm, 2020

Ти си прва светлина. Само таа знае дека во допрениот зрак се раѓа живот.

„Враќање дома“ – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2020




Има искушенија, но се ќе помине. Сонцето доаѓа за да ги позлати лисјата пред ветерот да ги однесе со твоето доаѓање и новото создавање.

„Прозорец“ – акрил на платно,  20 x 30 cm, 2020



Сакам да подарам дар поголем од небото. Сакам ти да го видиш и да можеш да го скриеш, да биде само за тебе.



„Во височините" – акрил на платно, 30 x 40 cm, 2020

Одејќи по патот на сопствената сенка.




„Грижа" – комбинирана техника на платно, 24 x 30 cm, 2020

Ти си полна душа, како бакнат извор.

„Чекање“ – акрил на платно, 20 x 26 cm, 2020



Ги собирам светлините пред да излезат.

„Да се преживее“ – акрил на платно, 40 x 50 cm, 2020




Скриено во скутот на Самовилите. А јас само зракот го чекам!



„Мигови" – акрил на платно,  40 x 30 cm, 2020

Твојата душа беше повеќе од сите линии и беше поголема од светот.



„Грижа“ – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2020

Како да ја удвојам светлината бидејќи целата светлина си ти?



„Пред порти“ – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2020

Зошто твоите зраци го носат денот? Ти сама светлина носиш!

„Мечтаење“ – акрил на платно,  20 x 26 cm, 2020




Одиме со сопствениот живот. Ако на патот се допреме, оставаме светлина.

„Враќање“ – акрил на платно,  20 x 30 cm, 2020




Мојата чистина е искра на Божја невиност.

„Мангуп" – акрил на платно,  20x 26 cm, 2020




Јас имам многу цвеќиња, но најубав си ти.

„Принцеза" – акрил на платно,  18,2 x 25,7 cm, 2018



Живото време сплетено во жива судбина.

„Љубов" – акрил на платно, 20 x 20 cm, 2018



Како див трендафил без да те допрам. Зошто по допирот денот се менува и не знам колку ќе боли.



„Ангелска душа" – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2018

Ти ја поседуваш Таа светлина. Јас ја допрев, но никогаш не ја оставив.



„Љубов" – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2018

Љубов што ќе ја чува мојата душа и мисла од непредвидливото време.

„Детето со балоните“ – акрил на платно, 15 x 15 cm, 2018



Време каде што јас ќе посакам да ја дарам мојата душа.

„Во бело" – акрил на платно,  18 x 24 cm, 2018



Токму во мојот сон ќе се огледам себеси како недопрен цвет полн со недопрена љубов и недопрено време.

„Прошетка“ – акрил на платно, 18 x 24 cm, 2018



Твојата патека кон Ѕвездите е право угоре.

„Напуштен сон" - комбинирана техника на платно, 18 x 24 cm, 2018



Пронаоѓањето на светот со радост и тага е доживување, а во исто време собирање на спомените како што се собира напуштен сон.



„Фудбал" – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2018

Сега Ти си на тој пат.

„Сестри“ - комбинирана техника на платно,  18 x 24 cm, 2018



Ајде да го претечеме времето, За да го запреме. Зошто запреното време, Тебе ти прилега.

„Дете во себе" – акрил на платно,  15 x 15 cm, 2018



Денешниот ветер кога ќе те допре, никогаш нема да те заборави.

„Извинување“- комбинирана техника на платно, 50x40cm, 2022



Да можам да станам ветре за да раскажам за денот.

„Спокој" - комбинирана техника на платно, 40x50cm, 2022



Тогаш ја најдов вистината како што само јас можев да ја видам



„Братчиња" - комбинирана техника на платно, 50x40cm, 2022

Беше време каде нашиот спокој не ги најде безгрижните игри.

„Сестрички“ - комбинирана техника на платно, 50x40cm, 2022



Ги собираме светлините пред да излезат.



„Дар од срце" - комбинирана техника на платно, 50x40cm, 2022

Ти дарувам светлина.



„Зрак“ - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022

Како ќе го најдеш моето време што скоро започнало.

„Молитва“ - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022



Роден во светлината.



„Ден по ден" - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022

Бев дете со собран спокој и страв.

„Во исчекување" - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022




Ја најдов вистината за да не се заборави.

„Мисла“ - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022



Само светлината знае дека во допрен зрак се раѓа живот.



„Фустанчето"- комбинирана техника на платно, 40x50cm, 2022

Сакам да те скријам и да ги разденувам ноќите.

„Животот е игра“ - комбинирана техника на платно, 30x40cm, 2022



Во украденото сонце што двојно огрева.



„Денот после вчера" - комбинирана техника на платно, 40x30cm, 2022

Но дали твојата светлина ќе ме најде.

„Чекајќи ги ѕвездите“ - комбинирана техника на платно, 30x40cm, 2022



Со поглед без крај, во небо без завршување сакам да го чујам славејот.



„Боите на љубовта“ - комбинирана техника на платно, 30x40cm, 2022

Тогаш ја најдов вистината како што само јас можев да ја видам.

„Игра" - комбинирана техника на платно, 40x30cm, 2022



А јас бев само дете.



„Уживање" - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022

Роден во светлината.



„Радост" - комбинирана техника на платно, 18x24cm, 2022

Сакам да те земам зошто целата си ти.



„Мило мое" - комбинирана техника на платно, 30x40cm, 2022

А јас по светлината те барам зошто само ти можеш да ја составиш.

„Небо" – акрил на платно, ф – 25 cm, 2019



Ќе ти донесам двојна светлина.



„Летање" – акрил на платно,  ф – 25 cm, 2019

Ти ќе го бакнуваш небото.

„Молба“ – акрил на платно, ф – 25 cm, 2019



Ти ја носиш светлината, како прво Сонце, како недопрен зрак.

„Молитва за душа" – акрил на платно, ф - 30 cm, 2019



Ти ќе го бакнуваш небото.



„Девојчето со балоните“ – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019

Јас го сакам Твојот пат, зошто имам дел од него,  дел што Те сака безвремено.



„Да се побрза“ – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019

Од скриен цут светлина да Те бакне, Во сонот сон да најдеш.

„Сама“ – акрил на платно,  ф - 25 cm, 2019



Со светлината ја напојувам мојата мисла за да издржам.



„Бакната самовила" – акрил на платно,  ф - 25 cm, 2019

И како очите гледаа ти растеше и стануваше небо што ги гледа сите извори што претекуваа за да ги напиеш најодалечените цветови.

„Божја светлина" – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019



Сакам да те скријам, да ги разденам ноќите и во твојата светлина да раскажам за љубовта.



„Утринска роса“ – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019

И додека ми раскажуваше за времињата, твоето срце дојде во моето време со откриена мудрост без враќање.



„Дарувана со љубов“ – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019

И летам по небото за да го наполнам, а ти ми раскажуваш дека времето е наше, дека денот е година, дека изгрејсонцето не староее.



„Волшебничка“ – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019

Јас по светлината те барам зашто само ти можеш да ја составиш. Зашто ти сама светлина носиш..

„Те магепса“ – акрил на платно,  ф - 25 cm, 2019




Сакам да те земам бидејќи целата си ѕвезда!

„Зрак" – акрил на платно, ф - 25 cm, 2019



Ти знаеш да се насмееш за да можам да ја сонам твојата насмевка и со неа да ги вратам убавите мисли!

„Мамино" - акрил на платно, 15x15cm, 2020



Скриено во скутот на Самовилите. А јас само зракот го чекам!

„Видение“ – акрил на платно, 30 x 30 cm, 2019



Видение ме осветли. Во твојата насмевка расцветав!

„Детето со сонциња“ - акрил на платно, 15x15cm, 2020



И летам по небото за да го наполнам со сонциња.



„Сестри" – акрил на платно, 20 x 30 cm, 2020

Слушам како раскажуваш, иако далеку, ти си со мене по завршената мисла!

САМОСТОЈНА ХУМАНИТАРНА ИЗЛОЖБА: БАКНАТИ ДЕЦА

ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА

ПРОЕКТ: САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА

АВТОР НА ЦРТЕЖИТЕ И ИЗЛОЖБАТА: ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА

МУЗЕЈ НА ГРАД ШТИП - УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА

БЕЗИСТЕН

Издавач: „2-ри Август“ Штип

Уредник: Елизабета Митрева

Рецензент: Зоран Читкушев

Печати: „2-ри Август“ Штип

Тираж: 100 примероци

НАСЛОВНА СТРАНА: БОИТЕ НА ЧАРШИЈАТА

(комбинирана техника на платно) 30 X 40 cm, 2020

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ, ШТИП Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Министерство за култура на Република Македонија

Изложбата е реализирана со поддршка на Министерство за култура на Република Северна Македонија, Завод и Музеј на град Штип - уметничка галерија Безистен и Универзитет Гоце Делчев, Штип.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

75.036(497.7)(06.064) Митрева, Е.
75.077(497.7)(06.064) Митрева, Е

МИТРЕВА, Елизабета
Бакнати деца : самостојна хуманитарна изложба / автор Елизабета Митрева. - Штип : 2-ри Август, 2022. - [82] стр. : илустр. ; 21 см

Осврт кон изложбата Бакнати деца од авторот Елизабета Митрева / Зоран Читкушев: стр. [2]

ISBN 978-608-4879-68-8

а) Модерна уметност -- Сликарство -- Аматери -- Македонија -- Изложби

COBISS.MK-ID 58268165



Елизабета Митрева е родена 1970 год. Дипломирала на Технолошко-Металуршкиот Факултет во Скопје, магистрирала на истиот факултет во областа - Управување со квалитет. Докторирала на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитетот Кирил и Методиј, Скопје во областа на - Тотален менаџмент на квалитет.

Митрева работи како универзитетски редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет Гоце Делчев, Штип.

Автор е на дваесет научни книги и повеќе од сто и осумдесет научни трудови од областа на тотално управување со квалитет (TQM), методи и техники за управување со системи, како и оптимизација на деловни процеси. Митрева до сега има реализирано две самостојни изложби пред македонската публика.

Контакт: +389 70 216 358, elizabeta.mitreva@gmail.com